Врз основа на член 32 став (1) точка 4) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и бр. 236/22) и член 11 став (4) од Правилата за набавка на електрична енергија за универзалниот снабдувач (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.126/19 и 66/22), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 03 јуни 2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се одобрува Барањето на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје бр.09-3139/1 од 23 мај 2024 година да се прифатат неговите понуди од страна на универзалниот снабдувач без да се достават банкарски гаранции за навремено и квалитетно извршување на услугите и без банкарска гаранција или депозит за учество на огласите за набавка на електрична енергија коишто ќе се објавуваат за периодот јули - декември 2024 година.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Акционерското друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје (во понатамошниот текст: АД ЕСМ Скопје), врз основа на член 11 став (4) од Правилата за набавка на електрична енергија за универзалниот снабдувач (во понатамошниот текст: Правила), достави Барање бр.09-3139/1 од 23 мај 2024 година, со кое бара Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) да одобри неговите понуди да се прифатат од страна на универзалниот снабдувач, без да се достави банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување на услугите и без банкарска гаранција или депозит за учество на огласот за набавка на електрична енергија, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр. 12-976/1 од 23 мај 2024 година.

Согласно член 6 став (1) од Правилата, за секоја набавка на електрична енергија на пазарот на билатерални договори, универзалниот снабдувач, преку веб базираната платформа, доставува покана до квалификуваните понудувачи за поднесување на понуда за набавка на електрична енергија.

Согласно член 6 став (2) точка 17) и точка 18) од Правилата, поканата до квалификуваните понудувачи за поднесување на понуда за набавка на електрична енергија особено содржи информации за: гаранција за понудата во вид на банкарска гаранција или депозит кои не смеат да бидат повисоки од 3 % од вредноста на понудената електрична енергија, и износ на банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот која не смее да биде повисока од 10 % од вредноста на понудената електрична енергија.

По исклучок од член 6 став (2) точка 17) и точка 18) од Правилата, а заради исполнување на обврската на производителот на електрична енергија со најголем инсталиран капацитет во Република

Северна Македонија утврдена во член 237 став (4) од Законот за енергетика*, универзалниот снабдувач, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, ја прифаќа понудата без банкарска гаранција или депозит, односно не бара банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување од страна на производителот на електрична енергија со најголем инсталиран капацитет.

Со оглед дека согласно член 237 став (4) од Законот за енергетика*, АД ЕСМ Скопје нема обврска да понуди електрична енергија за сите потреби на универзалниот снабдувач, за периодот јули – декември 2024 година се очекува да се објавуваат јавни огласи со цел да се обезбедат и преостанатите потреби од електрична енергија. АД ЕСМ Скопје во зависност од своите расположливи капацитети може да учествува и на овие јавни огласи.

Имајќи го во предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр. 12-976/2**
**03 јуни 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**